# Избори 2024: Перцепции за дигиталната трансформација на Македонија



**Истражување на јавното мислење на граѓаните во однос на изборните програми на политичките партии за дигитална транформација на Република Македонија**

# Содржина

Вовед и методологија ........ 3

СДСМ и коалиција „За европска иднина “ ........ 4

ВМРО-ДПМНЕ и коалиција „За твоја Македонија“ ........ 5

Левица ........ 6

ДУИ и коалиција „Европски фронт“ ........ 7

Коалиција Вреди ........ 7

Перцепции и ставови на граѓаните од јавното мислење ........ 9

## Вовед и методологија

На патот кон полноправно членство во Европската унија, дигитализацијата на државата е особено значајно, но и за подобрување на животот на самите граѓаните во Македонија. Дигиталната трансформација влијание директно врз граѓаните за пристап до јавната администрација, со што особено е важно што се ветува во изборните програми на политичките партии.

Поради тоа, Институт за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје ги анализира програмите на политичките партии кои досега ги објавиле програмите, со цел да им го доближи на граѓаните тоа што го ветуваат на изборите. Политичкото движење ЗНАМ – За наша Македонија како едно од шестте политички партии што се јавуваат на анкетите, нема објавено изборна програма со детални проекти во делот за дигитализацијата и информатичкото општество.

Исто така, ИНРЕКОМ во очи изборната кампања за изборите на пратеници во Македонското Собрание спроведе истражување на јавното мислење за перцепциите и ставовите на македонските гласачи во полето на дигиталната трансформација.

Анкетата беше спроведена на репрезентативен примерок од 1.039 испитаници по случаен избор преку комбиниран CATI и CAWI метод, во периодот од 08.04. до 21.04.2024, со маргина на грешка од +/- 3.5% и ниво на доверба од 90%. Примерокот е репрезентативен според демографските карактеристики: пол, возраст, етничка припадност, работен статус, образование, регион и населено место (општина, урбано/рурално), според официјалните статистички податоци од пописот на резидентното население во Република Македонија од 2021 од Државниот завод за статистика. Прашалникот беше полуструктириран, со контрола на валидноста на прашалникот кај 20% од испитаниците/прашалниците и контрола на конзистентноста и логичка контрола на одговорите.

Целта на ова испитување е да се воочат перцепциите на граѓаните односно гласачите во однос на важноста за дигитализација на македонското општество. Собраните податоци и анализата се со цел да ги насочи политичките партии во приоритетите кон дигитализацијата.

## СДСМ и коалиција „За европска иднина “

**Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија** во својата политичка програма ветува подобрување на пристапот до дигитални услуги за компаниите и финансиска поддршка на дигитализацијата на компаниите преку ИКТ алатки и практики кои ќе ги направи македонските бизниси поконкурентни во дигиталната економија.

Дигитализацијата е спомената и за угостителско-туристичкиот сектор преку е-туризам платформи и е-посетители. СДСМ има визија и за дигитални номади, односно овозможување на повеќемесечен престој со воведување на т.н. „виза за дигитални номади“.

Во однос на јавната администрација, ветуваат дигитализација и рационализација на административните процеси и подобрување на дигиталната инфраструктура. Дополнително, СДСМ ветува и дигитализирање на сите институционални процеси и документи за поефикасни, транспарентни административни процеси.

Во однос на социјалната заштита, ветуваат овозможување на поднесување на барања за остварување на правата од социјална заштита електронски, преку нов софтвер за исплата на истите права.

СДСМ ветува и проширување на дигитални конзуларни услуги преку проект „Е-конзулат“: целосна постапка за аплицирање, онлајн плаќање и добивање на документи, како и мобилна апликација.

Во однос на образованието, СДСМ ветува вградување на развој на дигитални вештини во училишните програми, посебни дигитални образовни програми, како што е промовирање на STEM (Science, Technology, Education and Mathematics) во сите нивоа на образовниот процес.

Предвидуваат дигитализација и во земјоделството, преку завршување на стратегијата за дигитализација во земјоделскиот сектор, мобилна апликација за метеоролошки податоци, креирање паметно земјоделство за комбинација на паметни технологии како сензори, интернет, автоматизација и други интернет платформи и алатки како и целосно електронско аплицирање од програмата за финансиска поддршка во земјоделството со електронски потпис.

## ВМРО-ДПМНЕ и коалиција „За твоја Македонија“

**Внатрешната Македонска Револуционерна Организација – Демократска Партија за Македонско Национално Единство** во однос на образованието предвидува нови наставни програми за основно и средно образование со цел градање на ИКТ вештини, како и проширување на квотите во ИКТ факултетите, а дополнително ветува и финансирање програми за ИКТ обуки за невработени лица со цел преквалификација на работната сила.

Со цел развој на ИКТ секторот во Македонија, партијата ветува мултифункционален технолошки-иновациски парк „Скопје Смарт“, финансиска поддршка за извозно-ориентираните софтверски компании, даночни ослободување за македонски фриленсери, како и добивање на визи за странски дигитални номади. Исто така, најавуваат целосна функционалност за платформите за електронски трансфери на финансиски средства преку Интернет што ќе вклучува испраќање и примање средства, а исто така најавуваат и регулирање на трговијата со крипто валути.

Во однос на дигитализација на приватниот сектор, партијата предвидува формирање на Дигитален иновациски центар, кој во соработка со високообразовните институции, на едно место ќе обезбедува поддршка за приватниот сектор преку пакет на основни дигитални услуги и алатки, обуки за дигитални вештини и друго.

Во однос на јавната администрација, ВМРО-ДПМНЕ предвидува трансофрмирање на Министерството за информатичко општество и администрација во Министерство за дигитална трансформација, како и формирање на Агенција за дигитализација како централно владино тело за дигитализација на јавниот сектор. Во однос на услугите, предвидува целосно дигитализирање на сите процеси во рамки на институциите, вклучително и архивското и деловодното работење, како и целосна интероперабилност помеѓу сите централни и локални институции.

Исто така се предвидува дигитален попис на населението и електронски идентитет за секој граѓанин за користење на дигиталните јавни услуги. Во првата година ветуваат дигитализаицја на 12те електронски услуги кои како приоритетни ги навела ЕУ, како и воведување на автоматизирано известување како потсетник за граѓаните и фирмите пред истекот на важноста на некои документи. Предвидено е и поддршка за локалната самоуправа во однос на дигитализација како дел од паметните градови.

## Левица

**Политичката партија Левица** во својата програма во делот на дигитализацијата на јавниот сектор предвидува унифицирање на изгледот на интернет страниците на државните органи и јавните институции. Потоа предвидуваат задолжително електронско вмрежување на базите на податоци на сите позначајни државни органи и институции и унифициран модел на податоци базирани на интероперабилност. Предвидуваат и отворени податоци до документите од дигиталните архиви на МРТ, НУБ, Државниот архив и други институции. Исто така, предвидуваат дигитализација и електронско управување со предметите од управната постапка.

Левица ветува и основање на Сајбер-безбедносна Агенција како централно тело за имплементација на софтвер за заштита на информациските и телекомуникациските ресурси, а МАРНет ќе биде задолжена за создавање на потребната дигитална инфраструктура и воспоставување на оптичка мрежа до сите државни институции. Во однос на софтверот и ИКТ инфраструктурата која е потребна за јавните набавки, гласањата и други полчиња, предвидуваат да бидат исклучиво развивани и кодирани од страна на државата и нејзините ресирси, без вклучување на странски компании.

Во однос на електронските услуги, Левица предвидува целосно воведување онлајн услуги, воведување на електронска идентификациска картичка со вградни биометриски податоци и електронски потпис која ќе ги замени личната карта, возачката дозвола, здравствената легитимација и платежна картичка. Воведувањето на единствен интегриран регистар на населението, како и повеќе мобилни апликации како е-Влада, е-Општина, е-Дневник, е-Индекс, е-Учебник, е-Катастар, е-Бизнис, е-Аграр, е-Туризам и други.

Партијата во својата програма ветува создавање на Софтверска долина која би прераснала во работен бизнис центар за ИКТ. Во однос на регулативата се залагаат за заштита на дигиталните права и приватноста во новата дигитална иднина и прилагодување на употребата на вештачката интелигенција. Исто така, предвидува обезбедување бесплатни обуки наменети за постари генерации и соработка со ИТ фирмите за стручно туторство на млади и стари граѓани.

## ДУИ и коалиција „Европски фронт“

Во програмата на **Демократската унија за интеграција** предвидува дигитализација на процесите во администрацијата, дигитализација на јавните услуги како и даночна дигитализација, како што се е-фискализација, е-фактура и „tack&trace“.

Во однос на дигиталното општество предвидува дигитален идентитет за граѓаните и правните лица, дигитализација на деловните и банкарските услуги, интерактивна туристичка платформа, дигитализација на образовниот процес, како и подобрување на дигитализацијата на здравствените услуги.

## Коалиција Вреди

Политичката платформа на **коалицијата Вреди (составена од Алијанса на албанците, Алтернатива, Беса и Демократското движење)** предвидува повеќе финансиски средства од државниот буџет како: Фонд за дигитализација, Фонд за иновации, како и од европски фондови: Структурни и инвестициски фондови, Фонд за дигитална трансформација, Програми за научни истражувања и иновации, Дигитална Европа, Креативна Европа и слично. Во однос на поддршката во приватниот сектор, предвидуваат финансиски и менторски програми за дигитализација на малите и средни претпријатија, создавање центри за иновации, дигитализација и претприемништво во сите градови во државата, со цел забрзување на дигиталната трансформација. Дополнително предвидуваат фонд за стимулирање на бизнисите да нудат континуирана дигитална обука за вработените, особено во прооритетните индустрии за државата.

Вреди предвидуваат инвестиции во дигиталната инфраструктуира преку брзи широкопојасни мрежи, оптичка инфраструктура, унапредување на платформата за електронска влада. Коалицијата ветува телемедицина и медицински апликации, интероперабилност на системите за здравствените податоци помеѓу пациентите и установите. Исто така ветуваат воспоставување дигитализација на културата и иницијативи за зачувување на културното наследство преку дигитализирање.

Коалицијата Вреди ветува усвојување на стратегијата за сајбер безбедност, планови за одговор на инцидентите и механизми за безбедна размена на информации. Исто така предвидуваат специјализирани програми на високообразовните установи за научни истражувања поврзани со развој на напредни технологии за сајбер безбедност и заштита од сајбер заканите. Ветуваат и формирање на Национален центар за сајбер безбедност за истражување, обука и одговор на инциденти со сајбер безбедност.

Дигитализацијата и дигиталната инклузија со граѓаните, Вреди ја предвидува преку зголемување на бројот на електронски услуги, спроведување на формална и неформална едукација за дигитални вештини за граѓаните, сеопфатени програми за дигитални вештини

во основните и средни училишта и универзитетите. За социјално загрозените семејства кои имаат ниски приходи, коалицијата предвидува Фонд за социјално вклучување во дигитализациајта преку доделување субвенции за пристап до Интернет и купување на персонални компјутери. Ветуваат и воспоставување минимални стандарди стандарди во креирањето на дигитални услуги со цел услугите да бидат лесно достапни за сите категории на граѓаните. За крај, предвидуваат Национален систем каде што сите дигитални платформи, интернет страниците и јавните услуги ќе бидат достапни за сите корисници, без оглед на нивните вештини или експертиза.

## Перцепции и ставови на граѓаните од јавното мислење

Првото прашање што им беше поставено на испитаниците се однесуваше на важноста на понудата за дигитализацијата во политичките програми при гласањето. Кумулативно, за 59,4% е важно наспроти 20,4% што сметаат дека не е важна тема при изборот за кого ќе гласаат.




Во следното прашање баравме одговор која политичка партија посветила најмногу внимание во делот на дигитализацијата во својата изборна програма. Од испитаниците, 23,4% сметаат дека тоа е ВМРО-ДПМНЕ, 12,5% сметаат дека тоа е СДСМ, а на трето место е позиционирана Левица со 6,9%, а за ЗНАМ одговорија 5,8%. Албанските испитаници во истражувањето се искажаа речиси идентично за своите два блока: ДУИ со 5,9% наспроти Вреди со 5,4%.




Наредното прашање се однесуваше за која политичка партија може да допринесе најмногу во дигитализацијата на Македонија. Највисок процент на испитаници се изјасниле дека тоа е ВМРО-ДПМНЕ со 23,9%, следна е СДСМ и коалицијата со 11,6%, потоа следуваат двете помали македонски партии: Левица со 7% и ЗНАМ со 6,3%. Во албанскиот блок, двете коалиции се идентични, односно ДУИ со 5,8% и Вреди со 5,7%. Од испитаниците, 12,2% сметаат дека ниту една партија нема да го дигитализира македонското општество, додека пак високи 25,1% немаа одговор или одбиваа да одговорат.




Прашањето што следуваше за испитаниците се однесуваше на медиумската сфера во државата. И на ова прашање со највисок процент од испитаниците е ВМРО-ДПМНЕ со 22,8%, а втора е СДСМ со 21,1% што е повисок процент во споредба со другите прашања. Но сепак останува високиот процент на испитаници што сметаат дека ниту една партија нема да ја реформира медиумската сфера – 20,3%.



Наредното прашање се однесуваше на дигитализација и модернизација на јавната админстрација како сервис кон граѓаните. 24,1% од испитаниците сметаат дека ВМРО-ДПМНЕ најмногу ќе може да ја дигитализира администрацијата, наспроти 13,8% од испитаниците што сметаат дека тоа би била СДСМ. За во албанскиот блок, 6% сметаат дека ДУИ нуди најдобри предлози да дигитализација на услугите во администрацијата, наспроти 5,7% проценти што ги доби коалицијата Вреди. Но и покрај тоа, 18,1% сметаат дека ниту една политичка партија или коалиција нема да успее да ја дигитализира македонската администрација.




Претпоследното прашање се однесуваше на оценка на работата на македонската Влада изминатите 7 години, предводена од коалицијата на СДСМ и ДУИ, во однос на развојот на информатичкото општество и дигиталната трансформација.

Средната односно просечната оценка од испитаниците што одговорија изнесува **2.46**, а истата претставена школски е доволна за да се помине учебната година и да не се падне.




Последното прашање се однесуваше на тоа која област треба приоритетно да се дигитализира од страна на новата Влада. Највисок процент – 19,9% има областа за издавање на документи преку електронски пат, од изводи и потврди до закажување и пополнување на лични документи. Потоа следува дигитализација на образованието со 14,8% а во топ три приоритети за дигитализација се и здравствените услуги со 12,5%.



# ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ

### Дистрибуција според пол

Машки: 49,1%

Женски: 50,9%

### Дистрибуција според етничка припадност

Македонска 65,9%

Албанска 24,4%

Останати 9,7%

### Дистрибуција според работен статус

Вработен 54,1%

Самовработен 7,8%

Невработен 21,3%

Студент 7,7%

Пензионер 9,1%

### Дистрибуција според возраст

18-34 34,6%

35-60 38,3%

61 и повеќе 27,1%

### Дистрибуција според образование

Основно 5,2%

Средно 39,6%

Вишо или Високо 11,3%

После дипломски 5,2%

### Дистрибуција според статистички плански региони




### Дистрибуција според населено место за живеење

Урбано: 48,8%

Рурално: 51,2%

Институт за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје

Април, 2024 година